Синдикат на работниците од угостителството, туризмот, комунално-станбеното стопанство, занаетчиството и заштитните друштва на Република Македонија-СУТКОЗ
-Претседателство-

# П РО Г Р А М А

за активностите на Синдикатот на работниците од угостителството, туризмот, комунално-станбеното стопанство, занаетчиството и заштитните друштва на Република Македонија-СУТКОЗ, во периодот 2016-2021 година.

Април, 2016 година.

Синдикатот на работниците од угостителството, туризмот, комунално-станбеното стопанство, занаетчиството и заштитните друштва на Република Македонија-СУТКОЗ, во наредниот петгодишен период својата активност и вкупно дејствување ќе ја остварува во услови на извршени коренити промени во уредувањето на односите на работодавачите и работниците, односно во услови на длабоки промени на работно-правната положба на работниците.

Периодот во кои ќе се одвиваат активностите на СУТКОЗ се совпаѓаат со време кога капиталот сé повеќе ќе ја наметне својата доминација врз социјалната и рабтно-правната положба на работниците со тенденција на понатамошно заострување на условите и можностите за остварување на правата на работниците-членови на Синдикатот.

Во вакви отежнати услови на дејствување, СУТКОЗ во наредниот петгодишен период, своите активности ќе ги насочи кон остварувањето на следните програмски определби и цели:

## 1. Заштита и подобрување и на материјалната и социјалната положба на работниците

Остварувањето на уставното и универзалното право на работа, за слободен избор на вработувањето, за задоволителни услови за работа, за заштита од невработеност и за материјално обезбедување за време на невработеност, ќе бидат основни цели во активностите на СУТКОЗ .
И при услови на неконјуктурност на трудот кај нас, Синдикатот ќе опстојува на основната определба, вработувањето да биде приоритетно , а работните места да бидат сигурни, како предуслов за достоен живот на работникот.

Утврдувањето на платите, заштитени од влијанието на порастот на цените и трошоците на живот, со кои ќе се обезбеди материјалната сигурност на вработените и достоен живот за нив и нивните семејства, ќе биде основна определба во активностите на СУТКОЗ во наредниот период.

Во услови на пазарно стопанство, каде платите исклучиво го обезбедуваат реалниот индивидуален стандард на вработените, СУТКОЗ ќе се залага, платите да се стимулативни за вработените и да зависат од залагањето, спремноста и креативноста за квалитетно и навремено извршување на задачите и на адекватен начин да го валоризираат вложениот труд.

Заложбите ќе бидат усмерени кон тоа, порастот на продуктивноста на трудот да мора да влијае на порастот на платите. Несоодветниот, (помал ) раст на платите од растот на продуктивноста, за Синдикатот ќе биде прифатлив доколку делот од добивката кој е резултат на порастот на продуктивноста, се вложува за отварање на нови работни места.

СУТКОЗ, здружен во ССМ, ќе се залага за единствена и сеопфатна социјална политика, со точно утврдени извори за финансирање, заснована на ефикасност и праведност во нејзината реализација.

Стратешка цел на дејствувањето на Синдикатот ќе биде и ефикасното решавање на проблемот  на можните вишкови на работници за кои би престанала потребата од работа во натамошниот тек на приватизацијата, преструктуирањето или воведувањето на нова технологија, јавно-приватно партнерство. Со оглед на тоа дека невработеноста на вишокот на работници е макроекономски проблем, СУТКОЗ ќе се залага за непосредно вклучување и на Државата со свои средства , фондови и субвенции .

СУТКОЗ , во заштита на стандардот, редовно ќе го следи движењето на цените,  услгите, трошоците на живот, вредноста на потрошувачката кошница и на платите и на база на нивното влијание на стандардот ќе предлага и конкретни мерки.

**Приватизацијата и заштитата на правата на работниците**

Синдикатот во своето секојдневно работење во текот на наредните пет години континурано ќе биде ангажиран во решавање на проблемите на своето членство од сферата на приватизацијата преку можен модел на јавно приватно партнерство..

На тој план:

- ќе се залага да се спречат сите обиди на манипулација со акционерските права на работниците од страна на менаџментот, со вршење на притосоци за пренесување на управувачкото право како и обиди за откуп на акциите по пониски цени од релната вредност.

- да се спречи појавата на неиздавање на потврди за акции и удели , недостапноста на акционерските книги,блокирањето на информациите, како и отстранувањето на проблемите кои го пречат остварувањето на управувачкото право на работниците- акционери, и манипулациите со органите на управувањетом и сл., и на тој планстрикно да се почитува Законот за трговски друштва.

СУТКОЗ, ќе бида активно вклучен во сите фази на процесот на  претстојната приватизација односно трансфомација на стопанските субјекти од сферата на јавното комунално стопанство, со цел, низ тој процес да не се наруши материјалната и социјалната положба на работниците. Во тој контест, да се воспостави активен социјален дијалог помеѓу работодавачите и Синдикатот.

Во подготвителниот период од овој процес, Синдикатот ќе преземе широка акција за информирање и едукацијана своето членство, со одржување на семинари и други форми на едукација, ангажирајќи и еминентни стручњаци од Државата и странство со цел да се изберат најоптимални модели на приватизацијата, јавно приватно партнерство.

Преку Меѓународната синдикална асоцијација PSI, каде што СУТКОЗ е полноправен член, ќе се воспостави активна соработка и размена на искуства со другите сродни Синдикати од европските земји и пошироко со цел да се одбегнат несаканите последици од тој процес.

СУТКОЗ, ќе се залага, низ процесот на приватизацијата и преку јавното приватно партнерство да се сочуваат природните ресурси како што е водата и водоснабдувањето,односно, тие да не бидат предмет на приватизацијата или концесија.

## Колективното договарање

За СУТКОЗ на Република Македонија, колективното договарање и колективните договори и во наредниот период ќе претставуваат основна и трајна определба и инструмент за регулирање на правата на работниците од работен однос.

По донесувањето на новиот Закон за административни службеници и изменитево законот за работни односи, за СУТКОЗ, склучувањето на Општиот колективен договор за јавниот сектор во Република Македонија и Гранските колективни договори од дејностите во кои е организиран нашиот Синдикат, ќе бидат една од приоритетните активности во овој претстоен период. Со посебна сериозност и залагање СУТКОЗ ќе се ангажира и во подготовките и склучувањето на колективните договори и на ниво на работодавачи.

При ова, особено ќе се залага за:

- јакнење на легитимитетот и репрезентативноста на СУТКОЗ, здружен во ССМ, во колективното преговарање во пазарното стопанство и синдикален плурализам.
- почитување на слободата на учесниците во колективното преговарање;
- да се утврдуваат поголеми права и поповолни услови за работа во однос на Законот, со што ќе се воспостави демократски модел на колективното преговарање;
- за еднакви плати на исти и слични работни места, за еднаков вложен труд, како и за редовна нивна исплата со истовремено уплатување на придонесите и даноците заедно со платата;
- за зачувување на сите стекнати права по основ на надоместоците и додатоците на платата;
- за поправедна распределба на добивката, а во интерес на унапредувањето на условите за работа и за поефикасна заштита при работа;

-  за заштита на животната средина од штетните отпадоци и за хуманизирање на вкупните услови во процесот на работата;
 - за унапредување на правата на работниците за чија работа престанува потребата поради технолошки, организациони, економски и други причини, и на работниците чии претпријатија потпаѓаат под стечај.

Колективните договори, бездруго, да попримаат обврзувачки карактер и за секое непочитување, потписниците да сносат правни консеквенци, преку поефикасната инспекциска и судска заштита на правата на работниците.

**Заштитата при работа**

Заштитата при работа, и создавањето здрави и хумани услови за работа, хуманизирањето на вкупните односи во работните средини, прилагодувањето на работното време на потребите за унапредување на работните услови на работниците ќе биде секојдневна преокупација во вкупното ангажирање на СУТКОЗ  и во наредниот перид.

Во таа смисла синдикатот ќе се избори за:
- целосна и ефикасна заштита на работниците во процесот на трудот, со упорна и секојдневна заложба за елиминирање на сите штетни фактори по здравјето и животот на работниците,
- доследна примена на прописите, стандардите и средствата за заштита при работа и заштита на човековата околина. Во таа насока ќе се остваруваат активности за перманентно образование и едукација на работниците за заштита при работа,
 - Законот за заштита при работа постојано да се иновира со решенија кои ги наметнува современата практика и науката од оваа област,
- одморите, спортско - рекреативните и традиционалните работно спортски средби на работниците да бидат во функција на хуманизирањето на трудот и зачувувањето на здравјето на работниците,
- социјално - здравствено осигурување, подобрување на стандардите на примарната и другите степени на здравствената заштита и натамошно унапредување на правата на работниците од оваа свера во целина;
- заштита на сите стекнати права на работниците од обласа на социјалното и здравственото осигурување и поенергично спротивставување на тенденциите за рестрикција на тие права, надвор од современите стандарди и светските искуства.
- Остварување на сите одредби на Законот за заштита при работа, особено на обврската, во сите синдикални организации да се изберат Претставници за заштита при работа и да заживее неговата вистинска функција.

**Заштитата на правата на работниците од работен однос**
Законот за административни службеници, донесен во 2015 година, се базира на концепциски нови решенија и работно-правни инстиуции, а

истовремено обврзува на уредување и доуредување на работните односи, колективните договори и договорите за вработување.
Уредувањето и доуредувањето на Законот за административни службеници со колективните договори и пружањето на стручна помош на вработените-членови на Синдикатот - СУТКОЗ, во остварувањето и заштитата на правата, обврските и одговорностите од обласга на работните односи и Законот за административни службеници , бара доста креативност, стручно знаење и работни способности.
Активностите на СУТКОЗ, здружен во ССМ, ќе бидат насочени кон примената на Законот за административни службеници и сите други закони од работно-правната сфера, односно на примената на колективните договори на сите нивоа на организирање.
Во таа насока СУТКОЗ ќе ја остварува својата превентивна и едукативна улога на планот на заштитата на интересите и правата од работен однос, преку:
- едукација и стручно оспособување на синдикални активисти за примена на одредбите на новиот систем на работни односи и за преговарање и донесување на колективен договор;
- мерки и активности кои ќе обезбедат со колективни договори на ниво на работодавачи, спогодбено да се решаваат спорните ситуации, со посредување и арбитража меѓу вработените и работодавачот, а во врска со остварувањето на правата, обврските и одговорности на работниците;
- создавање на услови за почитување на законската обврска, работните односи правосилно да завршат во рок од шест месеци;
- Давање на бесплатна правна помош и застапување пред надлежните судови на членовите на синдикатот при остварување на нивните интереси и права од работен однос.

**Едукација на членството**

Одговорната општествена улога и позиција на Синдикатот ја наметнува потребата, синдикалното образование да биде една од најважните активности на СУТКОЗ во наредниот меѓуконгресен период.

Образовната работа има за цел да се оспособат синдикалните лидери, активисти и членството за дејствување во новонастанатите посттранзициски услови за работа. Таа има за цел, со новооспособени кадри, Синдикат да стане рамноправен и силен партнер во остварувањето на социјалниот дијалог на сите нивоа на тој процес.

Активностите од сферата на едукацијата и образованието ќе се одвиваат низ вообичаените форми на тој процес, како што се семинарите, советувањата, тематските конференции и дебати по поедини актуелни теми од интерес на членството и севкупното синдикално дејтвуваање. Низ тој процес ќе се настојува да се доразвие едукативниот концепт, да се подобрува методот и содржината на образованието преку изработка на модули по одредени теми, согласно интересите и потребите на синдикалното членство.

**Меѓународната синдикална соработка**

Развивањето на меѓународната синдикална соработка, особено со соодветните синдикати на развиените европски земји и соседните држави, ќе има за цел да се збогатуваат знаењата и искуствата, во функција на понатамошно развивање на Синдикатот по примерите на развиениот свет. Основ за остварување на оваа соработка со соодветните синдикати од земјите од просторите на бивша Југославија ќе биде Протоколот за соработка, потпишан од овие синдикати и нашиот Синдикат.
Потесна соработка на тој план Синдикатот ќе оствари со синдикалните асоцијации и организации, при што особено внимание ќе посвети на соработката со IUL, каде што нашиот Синдикат е полноважен член, као и со Светската синдикална асоцијација на услужните дејности PSI , каде, СУТКОЗ е приемен како полноправен член.
СУТКОЗ, на планот на синдикалното образование и понатака тесено ќе соработува и со со Фондацијата Фридрих Еберти УСАИД.

**Работно спортски активности**

Во текот на идните пет години во СУТКОЗ ќе продолжат да се одржуваат традиционалните работно спортски средби на работниците од комунално - станбените дејности на република македонија, под името Комуналијада.

Синдикатот ќе се залага и за остварување на идејата и предлозите кои доаѓаат од одделни синдикални организации од дејностите. од угостителството и туризмот, за да се направат напори за обновување на прекинатите Средби на угостителско туристичките работници на Република Македонија, и за развивање на такви средби на синдикалното членство и на другите дејности во кои е организиран и дејствува нашиот Синдикат - СУТКОЗ на Република Македонија

**Систематско организирање на членство**

Систематското зачленување на нови членови во Синдикатот ќе биде перманентна и секојдневна активност на нашиот Синдикат.

Поаѓајќи од сознанието и фактот дека и неорганизираните работници го сметаат синдикатот за потребен и корисен, тие во почести случаи се спремни да станат негови членови. Исто така, фактот дека Синдикатот е организација на работниците , кои се организирале да можат активно да се борат за своите права и убедувања, п асогласно тоа, неговата сила ќе зависи од неговата масовност.

Во наредните пет години, Синдикатот програмски ќе работи на овој план, да ја омасови својата организација со нови членови во сите дејности и стопански субјекти во кои тој делува, но и во сите други средини, каде тој сеуште не е организиран.

**Април, 2016 година** **X КОНГРЕС НА СУТКОЗ на РМ**